ЛЕТО 2006 □ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

**Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија**

ВТОРА ФАЗА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛЕАПи ВО МАКЕДОНИЈА *стр.* **4**



## Повик за доделување на Регионални и Национални грантови од областа на животната средина

*Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ), со поддршка на Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida), го објавува првиот круг на грантови за поддрика на проекти на Граѓански Здруженија во областа на животната средина, поврзани со урбаната животна средина и одржливоста во западно Балканскиот регион.*

***(Страна 2 и 3)***



SECTOR

ОБУКИ ЗА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА *стр.* **6**

ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА *стр.* **7**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЗЕЛЕНИОТ ПАКЕТ ПРЕД ЈАВНОСТА *стр.* **8**

СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА *стр.* **8**

# ПРОГРАМА SECTOR

*Во април 2006 год, Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ), со поддршка на Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) започна еден амбициозен проект за поддршка на граѓанското општество. Проектот насловен SECTOR: "Поддршка на граѓанските здруженија од областа на животната средина во Југоисточна Европа" - има за цел да го промовира развојот на демократското граѓанско општество за животна средина во земјите од Југоисточна Европа, со цел позитивно да влијае врз општеството, во насока на одржлив развој и подобрени услови за живеење во урбаните области. Овој проект ќе трае четири години и вклучува 37 милиони SEK (шведски круни); (3.7 милиони EUR) за проектна имплементација, од кои 1.73 милиони EUR ќе бидат директна поддршка за ГЗ.*

*Во првата фаза од програмата, беше извршена проценка меѓу граѓанските здруженија од областа на животната средина, со цел да се формулира јасна слика за состојбата на ГЗ и за животната средина во целиот регион. Многу од развојните потреби идентификувани со проценката се разгледани со активностите кои се дел од овие три компоненти:*

- *Поддршка на организационата способност;*
- *Поддршка на проекти (грантови); и*
- *Помош и обука за воспоставување мрежи.*

*Преку оваа програма, РЕЦ и Sida се стремат кон:*

- *Зајакнување на граѓанските здруженија од областа на животната средина, преку градење на независни институции и развивање на вештини и способности на организациите;*
- *Подигнување на свеста кај заедниците во однос на условите и можните решенија за проблемите во секторот животна средина (посебно животната средина и оптоварувањата по здравјето во урбаните области);*
- *Активирање на учесниците во граѓанското општество од областа на животна средина, во обезбедување на информации и воспоставување врски меѓу животната средина и развојот во останатите сектори и меѓу општествените чинители и поголемо учество во процесот на донесување одлуки за животната средина на национално и локално ниво; и*
- *Зајакнување на граѓанското општество од областа на животната средина со цел промовирање на позитивни промени од областа на животната средина преку: воспоставување/поврзување во мрежи, лобирање, учество на јавноста, застапување и како следење на владата и индустријата.*

**Издава:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка припрема:**
Столе Георгиев
**Лектура:** Марина Орцанова
**Печати:** РИ-Графика
**Тираж:** 250 примероци

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел/факс: 02 3090 135, 3090 136 3060 146 и 3060 147
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ), со поддршка на Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida), го објавува првиот круг на предлози за поддршка на проекти на Граѓански Здруженија во областа на животната средина, поврзани со урбаната животна средина и одржливоста во западно Балканскиот регион.

Оваа грант програма ќе идентификува и поддржува регионални и национални проекти иницирани од Граѓанските здруженија во насока на промовирање на урбаната одржливост на шесте територии во Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Република Македонија, Црна Гора и Србија, плус Косово како територија под административна управа на ОН. Севкупниот обем на грант програмата е наменат да им овозможи на учесниците на Граѓанските здруженија да се насочат кон проблемите во урбаната животна средина и одржливиот развој во Југоисточна Европа. Дополнително, поддршката треба да резултира во зајакнување на Граѓанското општество во насока на:

- Зголемување на свеста на заедницата во однос на условите и можните решенија за проблемите од секторот животна средина (посебно во животната средина и по здравјето на луѓето); и
- Промовирање на позитивни промени во областа на животната средина, преку лобирање за животната средина, застапување и како надзор на владата и индустријата.

Дополнително, грант програмата треба да ги промовира важните демократски принципи поврзани со правниот пристап на оние организации кои учествуваат во програмата. За време на оценувањето на грантовите, родовата еднаквост и етничките аспекти ќе се разгледуваат заедно со вообичаените еколошки прашања. Тука ќе биде вклучена и примената на критериумите за поддршка на грант активностите, пропорционалност во финансирањето и поддршка на проекти, како и директна поддршка за меѓуетничките активности.

### *Национално ниво*

Шемата за доделување грантови ќе ги идентификува и поддржи националните проекти иницирани од здруженијата на граѓани, во промовирање на одржливиот урбан развој во Македонија. Националните грантови изнесуваат од 8,000 до 10,000 ЕУР секој. Во исклучителни случаи кога проектите вклучуваат надворешно мрежно поврзување, демонстрираат вклученост на широк опсег на релевантни носители на одлуки и/или се изведуваат на повеќе проектни локации, сумата за грантот може да изнесува до 15,000 ЕУР.

Селекциониот процес ќе се одвива од ноември 2006 до мај 2007 година. Предлог проектите ќе ги оценува Локалниот Советодавен Одбор на Канцеларија на РЕЦ во земјата. Најдобрите предлог проекти ќе бидат избрани на состанокот за оценување во февруари 2007год. според критериумите за селекција дадени во огласот за овој грант. Резултатите од селекцијата ќе се испратат до Главната Канцеларија на РЕЦ, до средината на март 2007 год, која ќе ги достави резултатите до Sida за нивно финално одобрување во април 2007 година. Имплементацијата на проектите ќе трае 12 месеци од јуни 2007 до мај 2008 година. Апликациите можете да ги добиете во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија или на нашата веб-страна: www.rec.org.mk

### *Регионално ниво*

Вкупната сума која е на располагање за Регионални Грантови е 200,000 ЕУР. Регионалните грантови се до износ од 35,000 ЕУР за секој поединечно. Во исклучителни случаи, грантовите можат да достигнат до 50,000 ЕУР(видете го повикот за конкретни барања). Оригиналните регионални концепт- документи треба да се испратат по пошта до главната канцеларија на РЕЦ (Ady Endre ut 9-11, 2000 Szentendre, Hungary) заклучно со 6ти ноември 2006 година.

Процесот на селекција ќе се одвива од септември 2006 до мај 2007 година. Предлозите ќе ги разгледува независен комитет за оценувањето координиран од РЕЦ. Според селекционите критериуми дадени во Јавниот Повик за овие грантови, на состанокот за оценување на 23 февруари ќе бидат избрани најдобрите предлози. Резултатите од селекцијата ќе бидат поднесени до Sida, за донесување на нивна конечна одлука во април 2007 година. Имплементацијата на проектите ќе трае 18 месеци - од јуни 2007 до декември 2008 година.

Повикот за грантови и Формуларот за аплицирање се исто така достапни и на веб-страната на проектот: http://www.rec.org/sector/support/regional-grants.html

За повеќе информации во врска со националните грантови контактирајте ја Валентина Петрушевска, Канцеларија на РЕЦ во Македонија e-mail: valentina@rec.org.mk;

За повеќе информации во врска со регионалните грантови контактирајте ја Entela Pinguli од главната Канцеларија на РЕЦ (e-mail: Epinguli@rec.org; тел:+36-26 504-000; факс: +36-26 311-294.)

# ВТОРА ФАЗА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ЕКОЛОШКИ ПЛАНОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го имплементира проектот Развивање на Локален Акционен План за Животна Средина (ЛЕАП) во 6 општини во Република Македонија, проследено со фонд за имплементација на инфраструктурни проекти од сферата на заштитата на животната средина.

Во изминатиот период следеа промоциите на ЛЕАП документите во три општини, и тоа:
- Општина Илинден, 24 мај 2006 во хотел Холидеј Ин, Скопје;
- Општина Ѓорче Петров, 08 јуни 2006, во хотел Континентал, Скопје;
- Општина Виница, 29 јуни 2006, во салата на општина Виница.

Овие три општини се меѓу шесте општини во Република Македонија, кои добија грант од Шведската Влада во висина од 10.000 ЕУР за изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) и дополнителни 50.000 ЕУР за имплементација, односно решавање на еден од дефинираните приоритетни проблеми во планот.

Овој документ е прв од овој вид во општините со кој се идентификуваат и дефинираат проблемите со животната средина и се креираат целите и задачите за решавање на истите. Овој документ е среднорочен, односно за шест години и тековно може да се обновува во зависност од ново настанатите услови.

Со изработката на ЛЕАП документот, општините имаа за цел да идентификуваат и по три приоритети, односно проблеми од сферата на животната средина со кои се соочуваат.

### *Општина Ѓорче Петров - приоритети*

1. Изградба на дел од колекторски систем во населеното место Волково Ново Село, каде ќе се прибираат отпадните води од с.Орман и с.Волково со населбите Кисела Јабука и Стопански Двор;
2. Изградба на водоводна мрежа во с. Волково- место наречено Црквиште;
3. Изработка на техничка документација за пречистителна станица -Локација река Лепенец.



Потишување на Договорот за имплементација на втората фаза од грант донацијата на РЕЦ за изградба на колекторскиот систем во дел од населените места во Општина Ѓорче Петров

Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) го одобри финансирањето на првиот приоритет.

Со потпишување на Договорот за соработка помеѓу Канцеларијата на РЕЦ во Македонија и општината, а со помош на овој имплементационен фонд, се отпочна изградбата дел од колекторски систем во населеното место Волково Ново Село, каде ќе се прибираат отпадните води од с.Орман и с.Волково со населбите Кисела Јабука и Стопански Двор. Изградбата започна на 25.09.2006.

***Општина Илинден - приоритети***

1. Изработка и ревизија на Студија, Идеен проект и Основен проект за прифаќање и третман на отпадни води на територијата на општина Илинден;
2. Загадување и намалена проточност на одводните канали;
3. Недостаток од уредена депонија за комунален отпад.

Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) го одобри финансирањето на првиот приоритет.


Промоција на ЛЕАПот на Општина Илинден

На 26.05.2006 потпишан е Договорот за соработка помеѓу РЕЦ и Општина Илинден а со тоа отпочнаа и проектните активности во однос на реализацијата на првиот приоритет од ЛЕАП документот.

***Општина Виница - приоритети***

1. Нерегулирано речно корито и излевање на Градечка река;
2. Директно излевање на комуналните отпадни во речните корита;
3. Непостоење на фекална канализација во селата;

Поддржан е проектот Нерегулирано речно корито и излевање на Градечка река. По склучување на Договорот за соработка и по соодветната процедура според законот за јавни набавки на Република Македонија, се отпочна со спроведување на проектните активности, односно со градежните работи во текот на септември 2006 год


Промоција на ЛЕАПот на Општина Виница

Што се однесува до останатите три општини, Теарце, Дебарца и Дојран поради објективни причини, периодот предвиден за подготовка на ЛЕАП документот се пролонгира, меѓутоа се работи според предвидените активности и се очекува да кон крајот на есента истите се завршат.

Контакт:
**Валентина Петрушевска**
valentina@rec.org.mk

**МаринаОрцанова**
marina@rec.org.mk

# ОБУКИ ЗА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Проектот "*Ефикасна децентрализација на законодавството за животна средина*" е финансиран од страна на Британската Влада, преку Агенцијата DEFRA (Одделение за животна средина, храна и земјоделство). Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на Единиците на локалната самоуправа кон ефикасно исполнување на обврските што произлегуваат од пренесувањето на надлежностите во сферата на животната средина, а кои се дефинирани со законските одредби од Законот за животна средина, Законот за управување со квалитет на амбиенталниот воздух, Законот за заштита на природата и Законот за отпад. Преговорите за доделување на средства на РЕЦ за реализација на проектот се одвиваа во месец март оваа година, а поинтензивно со проектот се отпочна во месец јуни, преку определувањето на обемот и содржината на *Практичен водич низ законодавството за животна средина*. Изработката на Водичот беше потребна како основа за натамошна изработка на материјали за обуки наменети за претставниците на сите општини во Македонија.

Во водичот, покрај општите одредби и дефиниции од законите кои се потребни како основна информација, издвоени се сите локални надлежности, потенцирајќи ја прецизно надлежноста на општинскиот орган, како и предусловите во смисла на рокови и потребни капацитети на општините за спроведување на тие надлежности. Наведени се исто така подзаконските акти со кои се уредуваат поедини активности и надлежности.

Покрај овој водич низ законодавството за животната средина во Македонија, во текот на обуката на учесниците ќе им биде одржано предавање за учеството на јавноста во донесувањето на одлуки и пристапот до правдата за прашања поврзани со животната средина преку имплементација на Архуската Конвенција, Законот за животна средина и Законот за слободен пристап до информации на Република Македонија. За таа цел изготвен и прирачни кој ќе им биде доделен на учесниците. Прирачникот е изготвен во рамките на проектот *Подобрување на практичното учество на јавноста: следни чекори во имплементацијата на Архуската Конвенција*, со финансиска подршка од Министерството за надворешни работи на Холандија.



Врз основа на овие елементи дизајнирана е програма за обука, во текот на која, покрај теоретски интерпретации, ќе бидат презентирани и практични примери за тоа што конкретно треба да биде направено од страна на општината заради примена на законските одредби; учесниците на обуката ќе имаат можност да ги применат сопствените или стекнатите знаења, во текот на практични интерактивни вежби.

Обуките ќе се реализираат во четири циклуси, во текот на октомври и ноември, со цел обезбедување на присуство на сите општини и нивна работа во кохерентни групи од 20-25 локални претставници. Секој циклус ќе биде организиран за даден географски регион, од причина што соседни општини често споделуваат слични проблеми од областа на заштитата на животната средина, но и заради тоа што за примена на определени законски одредби ќе биде неопходна меѓу-општинска соработка на регионално ниво. Временскиот распоред на обуките се наоѓа страна 11 од Билтенот.

Контакт:
**Ана Петровска**
ana@rec.org.mk

**Корнелија Радовановиќ**
kornelija@rec.org.mk

# ТЕНДЕР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА И ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИТЕ ВОДИ ВО САРАЈ

Планираните активности во рамките на проектот за *Подготвување на проектна документација за собирање и третман на отпадните води во Сарај,* финансиски подржан од стрна на Министерството за надворешни работи на Норвешка, во летниот период беа со малку забавено темпо, додека истите се интензивираа во септември и резултираа со изработката на Проектната задача во нејзиниот конечен облик. Стремежот да се рефлектираат барањата на меѓународната донаторска заедница во содржината на проектната задача произведе комплексен материјал. Идејата да се отпочне со примена на стандардизирани процедури кои се препознатливи од страната на меѓународните донатори, покрај другото, има за цел да ги подигне капацитетите на локалните фирми што се бават со планирање и проектирање на системи за одведување и пречистување на отпадните води за учество на меѓународни тендери. Дотолку повеќе, што од 2007год. фондовите на IPA ќе бидат достапни само во случај кога физибилити студиите од оваа област се доволно детално обработени од технички, институционален и финансиско / економски аспект, за да можат да послужат како основа за пополнување на комплексните IPA апликации за доделување на средства. Во таа насока, Проектната задача е прецизна од аспект на дефинираната тендерска постапка, правото на учество, подобноста, квалификуваноста и референците на пријавените понудувачи, опишаните задачи што треба да се реализираат од страна на Консултантот, процедурите за избор на најдобар понудувач, како и другите услови што треба да бидат исполнети од страна на избраниот Консултант во текот на изведувањето на проектот. При дефинирањето на овие елементи РЕЦ се раководеше од сопствените административни процедури (за објавување на тендер со вкупна вредност над 10,000 Евра), но беа превземени и одредени детални упатства што се применуваат на CARDS проектите. Исто така, со проектната задача од Консултантот е побарано при дефинирањето на концептот за собирање и третман на отпадните води да се разгледуваат повеќе алтернативи, со цел избор на оптимално техничко, институционално и финансиско / економско решение, што е еден од основните предуслови една физибилити студија да биде разгледувана од IPA за добивање на средства.



Поканата за учество на тендер е објавена на 9 октомври и ќе биде отворена до 6 ноември 2006год.

Заради новата форма на Проектната задача и релативно тешката задача што е поставена пред заинтересираните понудувачи (пополнување на стандардизирани обрасци и презентирање на организација и методологија за изведување на проектот) РЕЦ организираше состанок на 17 октомври 2006г. во своите простории со почеток во 9 часот со заинтересираните понудувачи, со цел да извршат консултации и помогне околу целосно разбирање на пропозициите и добивање на јасни насоки како да се пристапи кон изработка на понудите и што конкретно треба во нив да биде содржано.

Поканата за учество на тендер за *Изготвување на Физибилити студија и идеен проект за управување со отпадни води (собирање, одведување и третман) во општина Сарај,* е ставена на веб-страната на Канцеларијата на РЕЦ www.rec.org.mk

Краен рок за доставување на апликациите: 06.11.2006 год. до 14 часот.

Повеќе информации можете да добиете во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Контакт:
**Ана Петровска**
***Раководител на Проектот***
ana@rec.org.mk

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЗЕЛЕНИОТ ПАКЕТ ПРЕД ЈАВНОСТА

Во продолжение на активностите на проектот "Зелен Пакет - еколошко образование за одржлив развој за основните училишта во Република Македонија", на 15 септември 2006 год. во просториите на "Клубот на пратеници" во Скопје се одржа презентација на *Зелениот Пакет* пред пошироката заинтересирана јавност. На презентацијата освен целите на проектот бесе презентиран и самиот пакет како мулти-медијална алатка за едуцирање на учениците.



Г-динот Климент Минцов од Главната Канцеларија на РЕЦ им го презентираше Зелениот Пакет на присутните гости

На презентацијата присуствуваа голем број на претставници на релевантните Министерства, Бирото за развој на образованието, едукатори, независни експерти од областа на животната средина, наставници од основните училишта и медиуми.

Како што веќе беше објавено директни корисници на проектот се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука на Република Македонија а имплементирачка агенција на проектот е Регионалниот центар за заштита на животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија. Донатор на проектот е Австриската влада преку Austrian Development Cooperation.

На оваа презентација г-динот Секуловски одговорно лице за имплементација на проектот од Министерството за животна средина и просторно планирање повторно истакна дека Зелениот Пакет е од особено значење за Македонија, бидејќи директно се однесува на еколошката едукација кај најмладите од нашето општество- потреба која што е регулирана и со новиот Закон за животна средина и дека имплементацијата на овој проект претставува уште еден во низата напори на РЕЦ во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање за заштита и унапредување на животната средина во Македонија.



На презентацијата беа присутни претставници на релевантните Министерства, од научните институции, просветни работници и други заинтересирани граѓани

Контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проектот*
kornelija@rec.org.mk

# СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА



Советодавната Група за Животна Средина и Мониторинг (Environmental and Monitoring Advisory Group - EMAG), која има задача да го набљудува влијанието врз животната средина од изградбата на Скопската обиколница, го одржа својот прв состанок во месец декември 2005 година. Проектот кој е делумно финансиран од страна на Европската Банка за Обнова и Развој (EBRD), има за цел да ги намали сообраќајните блокади и загадувањето.

Досега се организирани четири состаноци кои претставуваа можност за организирање на членовите на EMAG да ја започнат нивната работа набљудувајќи ја имплементацијата и ефективноста на работата и мерките за намалување на влијанието врз животната средина, кои мора да се превземат од страна на изведувачот на работите ТЕРНА и фирмата инженер, Градежниот Институт на Македонија (ГИМ) која ја надгледува работата. Овие мерки за намалување на влијанието врз животната средина се содржани во Оценката на влијание врз животна средина (EIA) за самиот проект, особено за секцијата која се состои во втората фаза од проектот за изградба на Скопската обиколница, финансиран од EBRD.

EMAG беше формирана во 2005 год. од страна на Министерството за Транспорт и Врски (МТВ) на Република Македонија, како резултат на условите содржани во Договорот за Заем добиен од банката. Членовите на EMAG се: Ана Чоловиќ од невладината организација Еко-Свест/CEE Bankwatch Network, Билјана Поповска од Министерството за Транспорт и Врски, Зоран Мацовски од Министерството за Транспорт и Врски, Димитрија Тасевски од Фондот за Магистрални и Регионални Патишта, Магдалена Стојанова од Фондот за Магистрални и Регионални Патишта, Сокол Клинчаров од Министерството за животна средина и просторно планирање. Членови се исто така и претставници од селата Волково- отец Игор Пачовски и Орман-Робер Мрчковски и подоцна приклучено село Кондово - оџата Невзат Ахмети, кои се наоѓаат по должината на трасата на обиколницата. Претседавач со групата е Мониторот за животна средина назначен од страна на EBRD, Timothy Van Epp, независен консултант. Координаторите за животна средина од ТЕРНА и ГИМ се исто така присутни на состаноците на EMAG за да ја набљудуваат работата и одговараат на прашањата на членовите на групата.

Резултатите од прviот состанок на EMAG им беа презентирани на персоналот одговорен за делот на животна средина во ТРЕНА и ГИМ, за да се опишат во детали очекувањата на групата во однос на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и планот за набљудување и имплементација.

EMAG ќе се состанува на секои три месеци во просториите на Регионалниот центар за заштита на животната средна за Централна и Источна Европа (РЕЦ) со својата Канцеларија во Македонија, ул. “Илинденска“ бр. 118, Скопје. Состаноците ќе бидат најавувани за медиумите две недели однапред на веб страната на РЕЦ и EBRD: www.rec.org.mk и www.ebrd.com.  Исто така се планира да се издаде весник, кој треба да биде достапен на веб страната на EBRD, кој ќе обезбедува повеќе детали за дневниот ред на состаноците на EMAG и записниците од истите, како и кварталните резултати од набљудувањето на EMAG.

За повеќе информации за EMAG или за тековните активности, можете да ја контактирате Марина Орџанова од Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

# ЕкоВести - ЕкоВести - ЕкоВ

## *Проект: Заедно за почиста животна средина*

Центарот за Пермакултура и Мироградба од Штип го имплементира проектот *Заедно до почиста животна средина*. Проекот се однесува на практична примена на Архуската Конвенција за учесто на јавноста во донесување на одлуки за животната средина. Поконкретно проектот предвидува изготвување на Акционен План за управување со отпадот во општина Штип, во чие изготвување ќе бидат вклучени локалните власти кои се засегнати од ова прашање, при што главната целна група е граѓаните на општина Штип.

Активностите на проектот предвидуваа скенирање на моменталната состојба со отпадот, преку прашалници кои беа доставени преку месните заедници, за да се испита јавното мислење на граѓаните за состојбата со отпадот и можноста од нивно вклучување во процесот на изготување на Акциониот План за управување со отпадот.

За изготвувањето на Акциониот План беше организирана работилница, на која беа поканети поголем број од општествените чинители во општината меѓу кои беа претставници од локалната самоуправа, јавните претпријатија, невладините организации, претседателите на месните заедници, бизнис секторот и други заинтересирани граѓани. Притоа претходно беа оргазнирани одделни состаноци со 14 месни заедници во општината Штип за информирање за целите и активностите на проектот.

Откако се изготви Акциониот План истиот беше ставен на увид на јавноста, за коментари кои треба да се вметнат во финалната верзија на Акциониот План.

Последната активност од реализацијата на проектот е Акциониот План за управување со отпадот во општина Штип, да биде усвоен од страна на Советот на општина Штип како официјален документ за кој општината треба да изнајде средства и ресурси активностите предвидени со Акциониот План да се имплементираат во иднина.

Имплементацијата на проектот започна во февруари 2006 година и сега се наоѓа во Завршна фаза.

Проектот е поддржан од страна на Регионалниот центар за заштита на животната средина, со финансиска поддршка од Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, а во рамките на проектот *Подобрување на практичното учество на јавноста: следни чекори во имплементацијата на Архуската Конвенција.*

Контакт:
**Лилјана Неделковска**
Центар за Мироградба и Пермакултура - Штип
ppcst@ppc.org.mk



Обука за анкетарите за испитување на јавното мислење во Штип

## *Календар на настани во организација на Канцеларијата на РЕЦ*

| Р.б | Термин и локација | Активност | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| 1. | 17 октомври 2006г. Канцеларија на РЕЦ | Работен состанок за запознавање на заинтересираните понудувачи околу потготовката на тендерската докумнтација за *Изготвување на Физибилити студија и идеен проект за управување со отпадните води во Сарај* | **Ана Петровска** |
| 2. | 17-20 октомври 2006г. Канцеларија на РЕЦ | Прва обука за *Децентрализацијата на законодавството за животна средина* и *Учество на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина*, за претставниците на општините од Скопје и кои гравитираат околу Скопје | **Ана Петровска и Корнелија Радовановиќ** |
| | 31 октомври - 3 ноември 2006г. Маврово | Втора обука за *Децентрализацијата на законодавството за животна средина* и *Учество на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина*, за претставниците на општините од Западна Македонија (Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Струга, Охрид, Ресен и помалите општините кои гравитираат околу нив) | **Ана Петровска и Корнелија Радовановиќ** |
| | 7-10 ноември 2006г. Крушево | Трета обука за *Децентрализацијата на законодавството за животна средина* и *Учество на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина*, за претставниците на општините од Централна Македонија (Битола, Прилеп, Крушево, Кавадарци, Неготино, Гевгелија и помалите општини кои гравитираат околу нив) | **Ана Петровска и Корнелија Радовановиќ** |
| | 19-20 ноември 2006г. Дебар | Работна средба со претставници од Општина Дебар и општина Пешкопеја (Албанија) за активности предвидени со проектот Прекугранична соработка во инвестиции во животната средина. | **Корнелија Радовановиќ** |
| | 20 ноември 2006г. Канцеларија на РЕЦ | Краен рок за доставување на предлог концепти за грантови на национално ниво во рамките на програмата SECTOR за поддршка на граѓанските здруженија. | **Валентина Петрушевска** |
| | 21-24 ноември 2006г. Кочани | Четврта обука за *Децентрализацијата на законодавството за животна средина* и *Учество на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина*, за претставниците на општините од Источна Македонија (Струмица, Радовиш, Штип, Кочани, Свети Николе, Виница, Берово, Делчево, Крива Паланка, Пробиштип, Кратово и помалите општини кои гравитираат околу нив) | **Ана Петровска и Корнелија Радовановиќ** |
| | 28 ноември 2006г. Канцеларија на РЕЦ | Интерминистерска средба во рамките на проектот: *Подобрување на практичното учество на јавноста: следни чекори во имплементацијата на Архуската Конвенција.* | **Корнелија Радовановиќ** |

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Корисничкии земји се: Албанија, Босна и Херцеговин, Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Унгарија, Хрватска, Црна Гора, Чешка и Турција. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

- Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;
- Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;
- Ширење на јавната еколошка свест и образованието;
- Локално решавање на локалните еколошки проблеми;
- Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

тел/факс: (02) 3090 135
(02) 3090 136
(02) 3060 146

**e-mail: rec@rec.org.mk**
**http://www.rec.org.mk**

*Прима:*